интернет издание
www.dnevnik.com.mk
Дневник

QBE





Креирано со WebBuilder



АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
АВТОСВЕТ

## КУЛТУРА



МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Изложба на групи автори за критичкиот однос на уметноста

Во Музејот на современата уметност вечерва во 20 часот ќе биде отворена изложба под наслов "Опасни врски, После 85 - уметноста на нашето време". Преку своите дела, уметниците Јован Шумковски, Станко Павлески, Благоја Маневски, Тони Мазневски, Исмет Рамиќевиќ и Томе Аџиевски ќе се обидат да одговорат на прашањето за (не)можноста на уметноста критички да се постави во однос на стварноста. Авторка на проектот е историчарката на уметност Лилјана Неделковска, а во подготвувањето на текстовите за каталогот учествуваа и Марика Бочварова, Захаринка Алексоска-Бачева и Зоран Петровски. Проектот го финансираше Министерството за култура.

"Изложбата "Опасни врски" ја подготвивме за да не потсети дека живееме во време на настани без последици. Затоа е иронично-провокативна нејзината определба, за позицијата на игнорирање, повлекување, отфрлање, отстапување. Дури и самиот наслов на ироничен начин треба да реферира за парадоксот на неможноста на критичко дејствување во услови погодни за критика. Сепак, ова не значи и објавување на потполното исчезнување на критичката свест, туку повеќе станува збор за изнаоѓање поинаков агол на гледање и соочување со стварноста во која веќе не се смета на "големите погледи" и на "големите очекувања, барања и желби", пишува во каталогот на изложбата, во кој има и текстови од уметниците што изложуваат свои дела.

АНТЕНА
ВИКЕНД
On! net
www.On.net.mk

© 2001 Дневник, сите права задржани